МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: М-269/1
Датум: 17.01.2022
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на атмосферска и фекална канализација за објект на ул."Дрезденска" бр.40, Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 03.01.2022 година изврши увид на лице место на ул." Дрезденска " бр.40 по барање на барател
за изведба на приклучок за атмосферска и фекална канализација .

Постапувајќи по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложеното решение бр.30409 од 16.09.2021 година за фекален приклучок и решение бр.30410 од 16.09.2021година за атмосферски приклучок, издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето на фекалната канализација треба да се изврши на улична фекална канализациона мрежа (Ф=500 мм) со профил на фекален приклучок Ф=150 мм во должина од 5.4 м.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето на атмосферската канализација треба да се изврши на улична атмосферска канализациона мрежа (Ф=400 мм) со профил на фекален приклучок Ф=150 мм во должина од 7.4 м.

За горе наведениот приклучок на атмосферска канализација и по решение за атмосферски приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот дел по тротоар од бекатонска подлога и дел со бушење на ул."Дрезденска" се до постојна шахта која што се наоѓа на средина на улицата , како и наведениот приклучок на фекална канализација и по решение за фекален приклучок предвиден е да се изведе ископот на ровот дел по тротоар од бекатонска подлога и дел со бушење на ул."Дрезденска" се до постојна шахта која што се наоѓа на средина на улицата.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 396,00 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во подобрена првобитна состојба. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија, околу цевките да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новиот приклучок, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали истиот е квалитетно завршен.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски